# ОДЛУКА

За повторно именување на независен член на Надзорниот одбор
на Стопанска банка АД – Скопје

Скопје, март, 2024 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О.бр.438/31.05.2022г., пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 28.3.2024г. донесе

# О Д Л У К А

За повторно именување на независен член на Надзорниот одбор
на Стопанска банка АД – Скопје

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје повторно го именува д-р Сашо Ќосев за независен член на Надзорниот одбор.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од член 1 од оваа Одлука е во времетраење од четири години.

3. Оваа Одлука стапува во сила по добивањето согласност од страна на Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

С.О.бр. ____
28.03.2024г.
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во согласност со предвиденото со Законот за банки и Статутот на СБ, членовите на Надзорниот одбор се назначуваат од страна на Собранието на акционери на СБ. Мандатот на членовите е четири години, во согласност со утврденото со Статутот на СБ. Најмалку ¼ од членовите на Надзорниот одбор треба да бидат независни членови. Пред доставување на предлогот за назначување на член на Надзорниот одбор, Банката врши селекција, проценка на соодветноста и процес на номинација, предводен од страна на Одборот за номинирање и наградување.

Секое назначување е предмет на одобрение од страна на Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

Следствено на регулаторните барања во согласност со Законот за банки, Надзорниот одбор на СБ е составен од 7 членови, од кои 2 се независни членови, од кои пак едниот е д-р Сашо Ќосев. Тој беше именуван за независен член на Надзорниот одбор за првпат во 2016г., и последователно беше повторно именуван во 2020г. Неговиот тековен мандат истекува на 27 мај 2024г.

Оттаму, Банката започна процес на евалуација и номинација на кандидати за членови на Надзорниот одбор.

Имајќи ги во предвид тековниот профил на Одборот и потребата од континуитет, регулаторните барања, внатрешните политики за корпоративно управување и Стратегијата на Банката, прв избор беше повторно да се проценат тековните независни членови за именување за уште еден мандат од 4 години.

Пред сè, беше заклучено дека претходниот мандат на д-р Ќосев се карактеризира со значителен придонес во надзорот на Одборот, стратешките насоки и работењето на одборите на Надзорниот одбор. Независноста на д-р Ќосев, експертизата во доменот на макроекономијата и познавањето од домашниот и регионалниот пазар се многу важни за целокупното управување со Банката. Исто така, значителна беше и неговата улога како заменик-претседавач на Надзорниот одбор, како и неговото покривање на клучната позиција на претседавач со одборот секој пат кога беше потребно.

Неговата проценка на соодветноста исто така покажува дека кандидатот има позиција и профил на образование кои продолжуваат да бидат релевантни за позицијата во Одборот и дека тој ќе може да продолжи да посветува доволно време во извршувањето на своите должности како член на Одборот. Понатаму, тој се оценува како почитуван член кој многу позитивно придонесува кон кохезијата на Одборот, со активно учество во дискусиите и во процесот на одлучување, како и со својата постојана достапност за координација со координација со претседавачите и секретарите на Надзорниот и другите одбори.

Во однос на независноста, и имајќи предвид дека во согласност со внатрешните политики на Банката, независните членови имаат право на трет и конечен последователен мандат како независни членови, неговото именување е во линија со одбредбите од Законот за банки и Кодексот за корпоративно управување на СБ, и обезбедува континуитет на Одборот. Уште поважно, нема идентификувани пречки кои би можеле да го спречат кандидатот слободно и независно да ги споделува својата експертиза и знаење со другите членови на Надзорниот одбор, како и да ги оспорува одлуките на раководството.

Комплетната проценка на соодветноста, заедно со биографијата на д-р Ќосев, се составен дел од овој предлог.

Оттаму, врз основа на проценката на соодветноста и како признание на значителниот придонес на д-р Ќосев и неговата покажана посветеност кон највисоките страндарди на управување, се предлага на Собранието на акционери повторно да го именува кандидатот за независен член на Надзорниот одбор.

Во согласност со Законот за банки, предложеното назначување стапува во сила по добивањето на потребната согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

Скопје, февруари 2024г. **НАДЗОРЕН ОДБОР**